МАКЕДОНСКА ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА
Бр. 0202/2
08.02 2017 год.
СКОПЈЕ

Одлука бр.1

**Управниот одбор на Македонската тениска федерација** на својата седница одржана на ден 08.02.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за висина на годишната членарина за тениските клубови кон МТФ за 2017 година**

Член 1

Членарината за тениските клубови за 2017 година во зависност од критериумите за определување на бројот на гласови во Собранието на МТФ изнесува за секој глас по 15.000,00 денари.

Член 2

Тениските клубови должни се членарината за 2017 година да ја платат најдоцна до 01.06.2017 година на основа на доставена фактура од страна на МТФ.

Член 3

Доколку тенискиот клуб не ја подмири обврската на име годишна членарина најдоцна до 01.06.2017 година, ќе биде привремено суспендиран од учеството во работата и стекнувањата на правата од Македонската Тениска Федерација.

Член 4

Доколку тенискиот клуб не ја подмири обврската на име годишна членарина до 01.06.2017 година, тој и неговите регистрирани натпреварувачи ќе биде суспендирани од учеството на турнирите и натпреварите од календарот на МТФ за 2017 година.

Член 5

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2017 година

Македонска Тениска Федерација
Претседател на Управниот Одбор
Жарко Луковски

Скопје, 08.02..2017 година

МАКЕДОНСКА ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА СКОПЈЕ